**Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија**
**Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut**

Број: 04- ______________
____________2021 година
С к о п ј е

Врз основа на член 12 став 4 точка 6 од Статутот на Фондот за здравстено осигурување на Република Северна Македонија („Сл. весник на РМ" бр. 27/12, 64/15 и „Сл. весник на РСМ" бр. 178/19) а во врска со 8-а став 1 алинеја 4 од Изборен законик ( "Сл. Весник на РМ" бр. 40/2006; 127/2006; 136/2008; 155/2008; 163/2008; 44/2011; 51/2011; 54/2011; 142/2012; 31/2013; 34/2013; 14/2014; 30/2014; 32/2014; 31/2015; 196/2015; 35/2016; 97/2016; 99/2016; 136/2016; 142/2016; 57/2017; 67/2017; 125/2017; 35/2018; 99/2018; 140/2018; 208/2018; 27/2019; 98/2019; 146/2019; 42/2020; 72/2020; 160/2020; 74/2021), Директорот на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**за продолжување на започнатата постапка за унапредување на 2 (два) административни службеници**

1. Постапката за унапредување на 2 (два) административни службеници во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, Интерен оглас бр.01/2021 објавена на 05.08.2021 година на веб страницата на Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија, **ПРОДОЛЖУВА**.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на член 48 од Законот за административни службеници ("Сл.весник на РМ" бр.27/2014, 199/2014, 154/2015, 48/2015, 142/2016 и 11/2018, и 275/19, и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 и 14/20),) заради пополнување на упразнети работни места во Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, како и добиеното позитивно мислење од Министерство за финансии број 18- 5016/2 од 10.06.2021 за обезбедени финансиски средства за полнување на 2 (два) работни места, Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија до Агенција за администрација на РСМ, на ден 05.08.2021 година достави Известување за објавување на И Н Т Е Р Е Н  О Г Л А С бр. 01/2021 за унапредување на 2 (два) административни службеници за ботните места:

- Директор на Сектор за управување со човечки ресурси; и
- Директор на Сектор за контрола


Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Faks: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk

и барање за номинација за член и заменик член за Комисија за селекција за унапредување.

Согласно член 8-а став 1 алинеја 4 од Изборен законик, Директорот на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија донесе решение за мирување на постапка за унапредување на 2 (два) административни службеници во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија по Интерен оглас бр.01/2021, со број 04-12021/1 од 12.08.2021 година.

Имајќи го предвид Известувањето од Државната изборна комисија, објавено на 09.11.2021 година, со кое информира дека изборниот процес за Локалните избори 2021 година заклучно со 08.11.2021 година е завршен, како и фактот дека се исполнети законските услови за продолжување на започнатата постапка за унапредување на 2 (два) административни службеници по Интерен оглас бр. 01/2021, директорот на Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија донесе решение како во диспозитивот.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:
Против ова Решение не е дозволена жалба.

Директор
Стево Крстевски

Директор/Drejtor
Faton Ahmeti, Mr.sc., MBA

Изготвил: Александар Младеновски
Контролирал: Сузана Делева
Одобрил: Фатиме Идризи/ Fatime Idrizi



Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Faks: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk